**О П Ш Т И Н А Д Е Л Ч Е В О**
**Ул:,,Светозар Марковиќ,, бр. 1, Делчево**
**тел: 033/411 550 факс: 033/411 550**
**E-mail:info@delcevo.gov.mk**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

## Број 9
**17.07. 2019 година**

**Службен гласник на Општина Делчево**
**Излегува по потреба**

**Гласникот е бесплатен**

**Уредува**

**Одделение за**
**правни и општи работи** и јавни дејности

**Јули, 2019**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево ("Сл. гласник на Општина Делчево" бр.15/2013), Градоначалникот на Општина Делчево на ден 17.07. 2019 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на акти од 27. седница на**

**Советот на Општина Делчево**

I

Да се објави во „Службен гласник на општина Делчево„ актот што Советот на општина Делчево го донесе на 27. Седница која се одржа на ден 16.07.2019 година и тоа:

1. Одлука за определување на просторија за склучување на брак и условите за користење на истата;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Делчево„.

**Број 08- 1340/1** **ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**17.07.2019 год.** **Градоначалник,**

**Д е л ч е в о** **Горан Трајковски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево на својата 27-ма редовна седница, одржана на ден 16.07.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за определување на просторија за склучување на брак и условите за користење на истата**

Член 1

Со оваа Одлука се определува просторија за склучување на брак на подрачјето на Општина Делчево.

За склучување на брак, се определува просторијата на Мултимедијалниот центар, која се наоѓа во Спомен домот „АСНОМ„ на втори кат.

Член 2

За користење на просторијата нема да се плаќа надоместок.

Член 3

Барањето за користење на просторијата од член 1 за склучување на брак, се доставува до Општина Делчево.

Член 4

Општина Делчево по барањето за користење на просторијата за склучување на брак, на барателот ќе му издаде потврда за датумот и часот на одржување на венчавката, која барателот ја доставува до надлежниот матичар за спроведување на венчавката.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Делчево„

Број 09-1339 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

16.07.2019 год. Претседател,
Делчево Драган Маневски с.р